# Научени лекции за ефективноста на јавната администрација во Македонија

Аналитика

-Декември 2008-

www.analyticamk.org

# Кратка содржина

Следниот извештај претставува продолжение на серијата извештаи кои ги објавува Аналитика во програмата за Јавни политики и администрација, а која се однесува на состојбите во јавната администрација. Примарна цел на извештајот е да понуди препораки за подобрување на ефективноста на системот на јавна администрација во Република Македонија.  Истражувањето се темели на анализа на извештаи кои се однесуваат на неефективноста на јавната администрација, како и интервјуа со бројни експерти чии мислења се суштински користени при пишувањето на овој извештај.

Сериозен пристап кон моменталната ситуација на различни полиња значајно допринесе кон креирањето на јасна слика за тоа што е досега постигнато; и кои понатамошни чекори би требале да се превземат за целокупно подобрување на перформансот во сферата на јавната администрација.

Елементи дефинирани како клучни низ извештајот се : мотивацијата на вработените, подобра структура за менаџирање И евалуација на перформансите, информациска и комуникациска технологија, воведување на *систем на кариера* како реакција на политизацијата во ЈА, континуитет во судските реформи, ефективна борба против корупцијата, и еднаква застапеност за подобар партиципациски административен систем. Целосниот извештај содржи исцрпна анализа на секој од заклучоците чиј краток опис следи во продолжение.

**Мотивација на вработените**: Напорите за мотивација на вработените треба интензивно да продолжат. Посебно внимание треба да се посвети на соодветна имплементација на Законот за државни службеници.

**Подобрување на структурата за менаџирање и евалуација на перформансите:** менаџирањето и евалуацијата на перформансите во Македонија е сеуште во почетна фаза. Системот е сеуште недоволно разбран и прифатен, а капацитетите на административните тела во овој поглед се недоволно развиени. Потребен е поефикасен процес на менаџирање и евалуација на перформанците. Клучни за ова се структурни промени и координација на резултатите.

**Информациски и комуникациски технологии (ИКТ):** Очигледно е дека Македонија ја чека долг пат кон постигнување на целосно функционална и ефективна ИКТ инфраструктура. Одредени чекори за прилагодување на ЕУ стандардите веќе се превземени, од кои најзначаен е подигнување на свеста за значењето на воведувањето и надградувањето на ИКТ во институциите. Следен чекор за напредок во оваа сфера би бил одржување обуки за вработените, воспоставување на он-лине услуги и проширување на достапните услуги.

**Воведување на *систем на кариера* како реакција на политизацијата во ЈА**: Имплементација на систем кој би претставувал комбинација на *систем на кариера* и *систем на работни места* би ја подобрил ефикасноста на државната служба и целокупната ЈА во Македонија. Клучно за Македонија во овој момент е да ја структурира и консолидира имплементацијата на Законот за државни службеници и да воспостави нови правила на функционирање на системот.

**Континуитет во судските реформи:** Македонија треба да ги продолжи веќе започнатите судски реформи. Клучно за ефективно судство е да се зајакнат капацитетите (човечки и инфраструктурни) на новоформираниот Административен суд и да се обезбеди општ политички консензус како главен критериум.

**Ефективна борба против корупцијата:** Македонија главно треба да се фокусира на деполитизација на антикорупциските тела и зајакнување на Етичкиот кодекс за државните службеници и Законот за спречување на корупција кој се смета за солидна легална рамка која ги вклучува речиси сите параметри за справување со корупцијата.

**Еднаква репрезентација за партиципативен систем на ЈА**: Почнувајќи од 2001та еднаквата репрезентација полека но сигурно се подобрува. Овој тренд треба да продолжи уштеповеќе поради фактот што е означен како критериум од Европската комисија (ЕК) за исполнување на стандардите за граѓански ориентирана јавна администрација.

***Програма за Јавни политики и администрација***

*Публикации кои следуваат*

"Рационализација на работни места во Јавната администрација"

Контакт

*Аналитика*

Даме Груев 7-8/3
1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 2 312 1948
web: www.analyticamk.org
info@analyticamk.org

*Одговорен истражувач на програмата за Јавни политики и администрација*

Агим Селами- истражувач

aselami@analyticamk.org

***Аналитика*** - непрофитабилна независна организација посветена на асистенција на лица и институции со цел зајакнување и долгорочно подобрување на демократијата и владеењето во Р.Македонија како и пошироко во регионот.

***Аналитика*** е организација за анализа и истражување на јавни политики (тинк-танк) посветена на промовирање и унапредување на соработката помеѓу субјектите и организациите во Р.Македонија и пошироко во регионот.